**З А П И С Н И К**
**од Сто и втората (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 19 август 2025 година**

**Скопје, август 2025 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и втората (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 19 август 2025 година**

Седницата започна во 14 часот.

На седницата претседаваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Азир Алиу, министер за здравство, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа и Наташа Стојановска и Светлана Кузмановска, претставници од Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда, проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, Марјан Ристески, заменик на министерот за економија, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади, д-р Лазе Јаќимоски, заменик на министерот за јавна администрација и м-р Сафије Садики Шаини, заменик на министерот за спорт.

На седницата присуствуваа и м-р Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата на Република Северна Македонија, м-р Димитар Димовски, секретар за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата.

Од седницата отсуствуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Игор Филков, министер за правда, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, Горан Минчев, министер за јавна администрација и Борко Ристовски, министер за спорт.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација за степен на реализација на проектите од Програма за работа на Владата (2024-2028) за јули 2025 година

2. Табеларните прегледи за постапување на институции, со прилози

3. Прашања и предлози

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

*

* *

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на проектите од Програма за работа на Влада (2024-2028) за јули 2025 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Минстерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од еден месец до секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата да го достави предлог-законот за земјоделство и рурален развој.

2. Се препорачува на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот равој во рок од две недели до секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата да достави информација со акциски план за преминување на работењето од САП во МИС сметководствен софтвер.

3. Се препорачува на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој во рок од 20 дена до секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата да достави информација за степен на реализација на објавените огласи од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој и динамика за затворање на истите до крајот на 2025 година.

4. Се препорачува на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој во рок од седум дена до секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата да достави информација за преземените активности во насока на надминување на високоризичните блокирачки наоди за акредитација на мерката рурална инфраструктура.

5. Се препорачува на АД Водостопанство во рок од 15 дена до секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата да достави информација за реализација на проектот-поврзување на водостопанските информациски системи со останатите системи воспоставени во министерството.

6. Се задолжува Министерството за здравство до секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата, до 25.8.2025 година да достави табеларен преглед за август 2025 година за степенот на реализација на сите проекти, од своја надлежност, од Програмата за работа на Владата (2024-2028) и редовно да го почитува утврдениот рок за месечно известување.

7. Се задолжува Министерството за здравство во рок од седум дена, во работните групи за изработка на нов закон за здравствена заштита, работната група за Национална стратегија за млади лекари, работната група за спојување на јавните здравствени установи од Комплексот клиники „Мајка Тереза“- Скопје во Јавна здравствена установа – Универзитетски клинички центар „Мајка Тереза“ и работната група за изградба на нов објект за Клинички центар во Скопје, да вклучи претставници од Канцеларијата на претседателот на Владата, кои ќе бидат предложени од секретарот за јавни политики, координација и следење на реализација на програмата, стратешките проекти, планови и инвестиции и други работи од особен интерес за претседателот на Владата.

8. Се задолжува Министерството за односи со заедниците до секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата, до 20.8.2025 година да достави табеларен преглед за степенот на реализација на проектите од Програмата за работа на Владата (2024-2028), од своја надлежност и редовно да го почитува утврдениот рок за месечно известување.

9. Се задолжуваат сите министерства, други органи на државна управа и управните организации, а се препорачува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа при подготовка на предлог буџетските пресметки за 2026 година да предвидат средства согласно одредбите од членот 79 став 1 алинеја 3 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 144/25), кои ќе започнат со примена од 1 јануари 2026 година, а со кои се предвидува право на додаток на плата за административните службеници од 15% до 30% од износот на основната плата, доколку истите извршуваат работи и работни задачи во структурите за управување со инструментот за претпристапна помош (ИПА).

10. Се задолжуваат сите министерства, други органи на државна управа и управните организации, а се препорачува на институциите кои немаат статус на органи на државна управа, во рок од 15 дена да постапат по усвоените заклучоци по кои се уште немаат постапено и за истото да го известат секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата.

Истовремено, Владата заклучи проектот - ЕУ Академија, кој беше обврска на Министерството за европски прашања да се префрли на Министерството за јавна администрација.

Исто така, Владата ги донесе следниве заклучоци:

1. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за наредната тематска седница на Владата да подготви информација за степен на реализација на проектите од Програма за работа на Владата (2024-2028), со дополнителни три параметри и тоа, завршени проекти, проекти во фаза на реализација и проекти кои не се започнати и ова да биде изразено во проценти.

2. Владата ги задолжи сите министерства во рок од една недела да ги ажурираат табелите со тековни проекти кои не се дел од Програмата за работа на Владата и да ги достават до секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ги разгледа Табеларните прегледи за постапување на институции, со прилози и заклучи предлагачите на материјалите кои се во владина постапка наведени во табелите, во рок од пет дена, да постапат согласно задолженијата на Владата (условно поминати или одложени поради дополнителни усогласувања со надлежни институции) и усогласените текстови на материјалите да ги прикачат на системот e-vlada.mk.

Доколку предлагачите не постапат по задолжението на Владата во дадениот рок, истите ќе бидат вратени на предлагачите, односно повлечени од владина постапка.

**<u>Точка 3</u>**

По однос на оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:20 часот.